РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 1071/12
20-05-2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 30-тата седница, прво продолжение, одржана на ден 18.05.2020 година донесе

**Одлука**

По утврдена повреда на член 63 став 1 и член 67 став 1 од ЗСКСИ од страна на лицето Виктор Петрушевски и доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност до Надзорниот одбор на АД „Аеродроми на Република Северна Македонија", кој не утврди надлежност да постапува по истата, ДКСК го запира постапувањето, бидејќи нема законски основ за преземање мерки и активности за натамошно постапување по предметот.

Предметот со број 09-1071/1 од 06.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Државната комисија постапуваше по предмет за постоење на сериозни индиции дека лицето Виктор Петрушевски – Генерален директор на АД „Аеродроми на Република Северна Македонија", има влијание во постапка за вработување на блиско лице на одреден функционер.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, Државната комисија се обрати до АД „Аеродроми на Република Северна Македонија" за достава на документацијата која се однесува на постапката за вработување на лицето Дејан Ковачев – сопруг на пратеникот Тања Ковачева.

По разгледување на доставената документација за лицето Дејан Ковачев, Државната комисија констатираше дека Јавниот оглас за вработување на ова лице е објавен согласно Законот за работни односи и истиот не содржи критериуми за бодирање на квалификуваните кандидати. Формирана е Комисија за разгледување на поднесените пријави по објавениот оглас. Оваа комисија изготвила Записник, во кој е наведена позицијата за која аплицираат кандидати, листа на пријавени кандидати и листа на квалификувани кандидати, при што до Генералниот директор на АД „Аеродроми на Република Северна Македонија", доставиле предлог за избор на кандидати.

Предлогот доставен до Генералниот директор на АД „Аеродроми на Република Северна Македонија", е листа од сите кандидати кои ги исполниле условите без спроведено интервју со пријавените кандидати и без изготвена ранг листа на пријавените кандидати со бодирање. Предлог од комисијата е прифатен од страна на Генералниот директор, по што склучен е договор со избраните лица, меѓу кои и со сопругот на Пратеник Тања Ковачева, Дејан Ковачев.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија утврди дека со ваквото постапувања од страна на одговорното лице на АД „Аеродроми на Република Северна Македонија" е повреден член 63 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно во вршењето на неговите дискрециони овластувања не ја донел одлуката совесно, водејќи сметка за сите факти и околности во конкретен случај.

Државната комисија утврди дека, постапувајќи на овој начин горенаведеното лице ги повредио и начелата на законитост и интегритет при извршување на своите јавни овластувања и должности согласно член 3 став 1 и 2 и член 4 од ЗСКСИ.

Поради наведените причини, Државната комисија достави Иницијатива за поведување на постапка за утврдување на одговорност за службеното лице Виктор Петрушевски - Генерален директор на АД „Аеродроми на Република Северна Македонија" до Надзорниот одбор на АД „Аеродроми на Република Северна Македонија" како надлежен орган кој извршил именување.

По однос на поднесената Иницијатива, Надзорниот одбор на АД „Аеродроми на Република Северна Македонија" достави одговор во кој е наведено дека нема надлежност да води постапки за утврдување на одговорност од ваков вид, но сепак се заинтересирал да ги рзгледа сите документи и списи кои биле доставени и одлучил да не поведе постапка.

На седницата одржана на ден 18.05.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека по доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на службеното лице Виктор Петрушевски, Државната комисија нема законски основ за понатамошно превземање на мерки и активности согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил:
м-р Станка Милановска - Виш соработник
Одобрил:
Катица Николовска, член на ДКСК


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk